## Насоки за планирање и организација на наставата во учебната 2011/12 година

Почитувани,

Бирото за развој на образованието, во рамките на своите надлежности, Ви доставува насоки за планирање и организиација на наставата во учебната 2011/12 година.

1. **Запишување на учениците во I одделение на деветгодишното основно училиште**

Запишувањето на учениците во **I одделение** за учебната 2011/12 година треба да се изведува на начин согласно Законот за основно образование и упатствата на Бирото за развој на образованието.

2. **Доследно придржување до наставните програми**

Бидејќи во учебната 2011/12 година во основните училишта ќе се применуваат новите наставни програми за I, II, III, IV, V и VI одделение на деветгодишното училиште, нагласуваме дека наставниците при планирањето, организацијата и изведувањето на наставата и за изборот на учебниците мора задолжително да се придржуваат на соодветните наставни програми (по предмети и одделенија) и Законот за основно образование.

Директорите на училиштата и стручните соработници во училиштата имаат обврска и одговорност планирањето и изведувањето на наставата од страна на наставниците да се одвива исклучиво во согласност со наставните програми.

Исто така, неопходно е да се постапува според нормативите за наставен кадар што се дадени во наставните програми.

За сите прашања, дилеми и тешкотии поврзани со наставата, Бирото за развој на образованието е секогаш подготвено да ја дава неопходната стручна и советодавна помош.

3. **Учениците кои во учебната 2010/11 година завршуваат V одделение според програмите за осумгодишно основно училиште продложуваат да ја следат наставата во VI одделение во учебната 2011/12 година според програмите за осумгодишно основно образование.**

Според тоа, во основните училишта во учебната 2011/12 година ќе има **паралелки за две шести одделенија**, и тоа: едни паралелки кои ќе следат настава по новите програми за деветгодишното основно училиште и други паралелки кои во учебната 2011/12 година ќе следат настава во VI одделение по програмите за осумгодишното основно училиште.

Бидејќи се работи за различни програми и ученици од различни генерации напоменуваме дека погрешно и недозволиво е да се формираат паралелки со групирање на учениците од наведените две генерации.

4. **Изборни програми за изучување на јазикот и културата на Власите, јазикот и културата на Ромите и јазикот и културата на Бошњаците**

Училиштата коишто изминатите години на деветгодишното основно училиште организирале настава по предметите: *јазикот и културата на Власите, јазикот и културата на Ромите и јазикот и културата на Бошњаците,* должни се да ги запознаат родителите на учениците и, доколку има интерес, повторно да формираат паралелки за изучување на овие предмети во согласност со решенијата и критериумите содржани во Концепцијата за деветгодишно воспитание и образование.

5. **Реализирање на програмата за образование за животни вештини**

Согласно член 29 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ 103/08, 33/10) се предвидува на часот на одделенската заедница да се разработуваат содржини за личниот и социјалниот развој на учениците според програмата *Образование за животни вештини.*

Во учебната 2011/12 година продолжува реализацијата на овие програми и тоа во сите одделенија на основното училиште со оглед на завршените обуки за наставниците од основните училишта.

Оваа програма досега успешно се реализираше во одделенската настава, а од учебната 2011/12 година таа треба да се реализира и во предметната настава.

Од минатата година обучени се по двајца предметни наставници – класни раководители од секое основно училиште, кои имаа задача обуката да ја дисеминираат и на другите класни раководители во предметната настава. Поддршка при интерното организирање обуки треба да им бидат стручните служби од училиштето и одделенските наставници кои веќе се обучени и ја реализираат оваа настава изминатите години.

## 6. Изборни програми во деветгодишното основно образование (во III, IV, V одделение)

Заради поддршка на програмата *Компјутер за секое дете*, како и за интегрирање на наставните предмети и поинтересно совладување на наставните содржини од предметите, Бирото за развој на образованието ја изработи наставната програма за изборниот наставен предмет – *работа со компјутер*.

Од учебната 2011/12 година учениците од III, IV и V одделение ќе учат по различни изборни програми за наставниот предмет *работа со компјутер* – почетна, продолжителна и напредна.

Паралелно со изучувањето на овој изборен предмет, учениците може да го изберат и да го изучуваат и изборниот предмет *творештво*.

## 7. Наставен кадар во првиот и вториот период на деветгодишното основно образование (I-III, IV-VI одделение)

Во однос на наставниот кадар, напоменуваме дека треба да се почитува Законот за основно образование, односно наставата во првиот период на основното образование (I-III одделение) ја изведува наставник за одделенска настава (освен во прво одделение каде наставата може да ја изведува и наставник за предучилишно воспитание), а за предметот англиски јазик наставник согласно нормативот за наставната програмата за англиски јазик. Во вториот период (IV-VI одделение) наставата ја изведува одделенски наставник, а во V одделение на деветгодишното основно училиште, освен одделенскиот наставник, наставата ја изведуваат и предметни наставници, и тоа: наставник по *техничко образование*, наставник за предметот *природни*

*науки*, наставник по предметот *англиски јазик* и наставник по предметот *македонски јазик за учениците од другите заедници*. Во шесто одделение наставата по сите предмети ја изведуваат предметни наставници согласно нормативите во наставните програми.

## 8. Изборни предмети во VI одделение

### 8.1. Изборни предмети во шесто одделение на деветгодишното основно образование

Согласно Наставниот план за деветгодишно основно училиште во **VI одделение учениците кои во учебната 2011/12 година ќе следат настава во шесто одделение на деветгодишното основно образование избираат еден од понудените три предмети:** ***етика во религиите, запознавање на религиите*** **или** ***класична култура во европската цивилизација***.

Училиштето е должно да ги запознае учениците и нивните родители со изборните предмети, да изврши презентација, да им ги посочи наставните програми (од веб - страницата на Бирото за развој на образованието) и да спроведе анкета **до крајот на мај 2011 година**. Изборните предмети училиштето ги нуди на учениците коишто се во V одделение на деветгодишното основно образование и кои следната 2010/11 ќе ја продолжат наставата ***во VI одделение на деветгодишното основно образование.***

Доколку учениците продолжуваат со изучување на изборните предмети: јазик и култура на Ромите, јазик и култура на Бошњаците, јазик и култура на Власите, или пак, сакаат да го изберат албанскиот јазик како изборен предмет, тогаш избраниот предмет од наведениве изборни предмети, во согласност со родителите, го изучуваат како втор изборен предмет.

### 8.2. Изборни предмети во шесто одделение на осумгодишното основно образование

Учениците кои оваа учебна година (2010/2011 ) завршуваат петто одделение согласно наставниот план за осумгодишно основно училиште продолжуваат во шесто одделние согласно наставниот план на осумгодишното основно училиште.

**Учениците во шесто одделение од осмугодишното основно образование во учебната 2011/2012 година избираат еден предмет од листата на следните изборни предмети**: *нашата татковина, воспитание за околината, истражување на родниот крај, танци и народни ора, проекти од музичката уметност, проекти од ликовната уметност, техничко образование, проекти од информатиката, изборен спорт, унапредување на здравјето, вештини за живеење.*

Училиштето им ги нуди предметите на учениците и нивните родители, прави презентација, ги повикува родителите да ги разгледаат програмите на веб - страницата на Бирото за развој на образованието и по спроведената анкета ги определува паралелките, согласно Законот за основно образование. Доколку за определен предмет се изјасниле помалку ученици од дозволениот минимум за формирање паралелка, тие ученици се приклучуваат кон паралелките (односно предметите) за коишто се определиле поголемиот број ученици.

Учениците избираат еден предмет. Учениците припадници на ромската, влашката и бошњачката заедница можат да го изучуваат и својот мајчин јазик како втор изборен предмет.

## 9. Изборни предмети за наставата во VII и VIII одделение

**Учениците во седмо и осмо одделение од осумгодишното основно образование избираат еден предмет од листата на следните изборни предмети**: *програмирање, нашата татковина, воспитание за околината, истражување на родниот крај, танци и народни ора, проекти од музичката уметност, проекти од ликовната уметност, техничко образование, проекти од информатиката, изборен спорт, унапредување на здравјето, вештини за живеење.*

Училиштето им ги нуди предметите на учениците и нивните родители, прави презентација, ги повикува родителите да ги разгледаат програмите на веб - страницата на Бирото за развој на образованието и по спроведената анкета ги определува паралелките, согласно Законот за основно образование. Доколку за определен предмет се изјасниле помалку ученици од дозволениот минимум за формирање паралелка, тие ученици се приклучуваат кон

паралелките (односно предметите) за коишто се определиле поголемиот број ученици.

Учениците избираат еден предмет. Учениците припадници на ромската, влашката и бошњачката заедница можат да го изучуваат и својот мајчин јазик како втор изборен предмет. Доколку учениците го изучувале и албанскиот јазик како изборен во претходните оддленија, можат да продолжат со неговото изучување.

Исто така, **напоменуваме дека секоја учебна година учениците треба да изберат да изучуваат различен изборен премет**. Тоа значи, доколку во шесто одделение еден ученик го изучувал предметот *нашата татковина*, тој не му се нуди во седмо, ниту во осмо одделение.

## 10. Планирање на наставата (во предметна настава)

Според динамиката на воведување на новите наставни програми, се налага потреба од нов начин на подготовка и планирање на наставата од страна на наставниците.

Новиот начин на планирање обезбедува прегледност на наставниот процес за секоја тема и наставен час во текот на наставната година. Исто така, не само што се избегнува формалното и унифицираното планирање, туку новиот начин на планирање ќе одговара на условите и напредувањето на учениците во наставата во секоја паралелка одделно.

Планирањето според новите наставни програми во предметната настава треба да опфаќа:

***- Глобално (годишно или перспективно планирање )***

Ова планирање се однесува на целата наставна програма од наставниот предмет по теми, со временска рамка за обработка на темите во текот на наставната година за остварување на планираните цели. Со планирањето наставникот го одредува бројот на часовите потребни за целокупниот наставен процес во рамките на секоја наставна тема – подрачје.

Глобалното планирање наставникот го изготвува на почетокот на учебната година, но не покасно од месец септември.

***- Тематско - процесно планирање***

Врз основа на глобалното планирање наставникот пристапува кон тематско планирање, кое темелно го подготвува согласно динамиката за обработка на темите предвидена со глобалното планирање. Притоа, најмалку една седмица пред да започне реализацијата на новата наставна тема, наставникот треба да има изготвено тематско-процесно планирање за темата што следи за обработка. Со тоа се подразбира дека тематско-процесното планирање ќе се одвива сукцесивно во текот на наставната година. На тој начин наставникот има повеќе можности поефикасно да го осмислува поврзувањето на наставните цели, содржините, методите и активностите, како и начинот на следење, утврдување, проверување и оценување на постигањата на учениците, бидејќи сите овие елементи се неразделана целина на наставниот процес. Новите наставни програми ги нудат сите елементи на наставниот процес и затоа наставникот треба да ја проучи и да ја следи наставната програма.

Во тематско-процесното планирање наставникот за секоја тема од наставната програма (врз основа на конкретните цели по наставни теми) ги определува наставните содржини/единици и редоследот на нивната обработка, времето на реализација (потребниот број на часови за секоја наставна единица). Едновремено, ги планира формите и методите на работа, активностите на учениците по наставни единици, како и изборот на задачите, вежбите, прашањата и начинот за утврдување и проверување на постигањата на учениците.

Тоа значи дека со тематско – процесното планирање за секоја наставна тема треба да се определат наставните содржини/единици, како и часовите што се потребни за нивната обработка. Со планирањето наставникот концизно ги опишува главните чекори во наставниот процес, за секој наставен час или група часови во зависност од времето потребно да се обработи наставната содржина која соодветствува на конкретните цели од наставната програма. Исто така, за секој час ги планира активностите на учениците, наставните средства, формите и методите на работа, начинот на следење на постигањата на учениците.

При тематско-процесното планирање за наставните предмети за кои е покарактеристична хоризонталната корелација во рамки на предметот (меѓутематската поврзаност), како на пример, во предметите македонски јазик, албански јазик, турски јазик, српски јазик, како и кај странските јазици, неопходно е во планирањето да се определи начинот на интегрирање на

наставните единици и активностите од две или повеќе подрачја од наставната програма.

Со предложениот модел на тематско-процесно планирање, всушност, досегашното дневно планирање на часовите е рационализирано во рамките на тематско-процесното планирање со што се избегнува формализирањето на планирањето и унифицирањето. Новиот начин на тематско-процесно планирање ќе одговара на условите за работа во секое училиште и ќе ги следи развојните карактеристики на учениците и нивните постигања.

***- Вреднување, измени и дополнување на планирањето***

Наставникот по реализацијата на секој час, по разработката на содржините, води забелешки за своите согледувања за ефикасноста на наставата и учењето. Забележува што било добро, а што треба да се измени во наставата, дали е потребна дополнителна обработка за некои поими, задачи, вежби и сл. и каква помош им е потребна на учениците.

Исто така, наставникот врз основа на показателите за наставниот процес на секој час во усвојувањето на поимите, содржините или деловите од темата што учениците не ги усвоиле и имаат тешкотии во решавањето на одредени прашања или, пак, кога одредени содржини побрзо ќе ги усвојат, може да изврши измени и дополнување на тематско-процесното планирање.

Наставникот прави своја процена што треба да измени и во начинот на изведувањето на наставата со цел да се подобрува квалитетот на наставата и постигањата на учениците.

**Забелешка:** Наставниците при планирањето не смеат да користат готови обрасци кои се доставени од други лица и институции, ниту обрасци кои се раководат според определен учебник. Активите на наставниците или самиот наставник при планирањето на наставата треба исклучиво да се раководат од предзнаењата на учениците, искуството и наставната програма по соодветниот наставен предмет.

## 11. Оценување

Врз основа на Законот за основно образование изработени се стандарди за оценување на постигањата на учениците во основното образование по сите наставни предмети.

Стандардите се достапни на веб - страницата на Бирото за развој на образованието и треба доследно да се применуваат во следењето и оценувањето на постигањата на учениците во текот на наставниот процес.

Напоменуваме дека оценувањето во деветгодишното основно образование од I до III одделение е описно, а од IV и VI оддление (само за учениците во деветгодишното) е описно и бројчано.

Од VI до VIII оддение во осумгодишното образование е бројчано.

Согласно измените и дополнувањата на Законот за основно образование („Сл. весник на Република Македонија" 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18, 2011, 42/2011 и 51/2011) од учебната 2011/12 година започнува екстерното проверување на постигањата на учениците.

Училиштата се должни да се запознаат со законските одредби и да ги запознаат учениците и нивните родители и да ги започнат подготовките за спроведување на истото.

Во текот на учебната година Бирото за развој на образованието и Државниот испитен центар во рамките на своите надлежности, ќе им дава на училиштата стручна и советодавна помош и поддршка и за успешно реализирање на оваа значајна компонента од работата на училиштето.

## 12. Обука на наставниците, дидактичко - методски прирачници за наставниците

Како и претходните учебни години, така и во учебната 2011/12 година Бирото за развој на образованието продолжува со практиката да одржува семинари за наставниците за новите наставни програми и да издава и бесплатно да доставува до училиштата прирачници за наставата за деветгодишното основно училиште.

Така, во периодот јуни- август 2011 година ќе биде организирана обука за наставниците кои ќе изведуваат настава според новите наставни програми.

Прирачниците за наставата во I, II, III, IV и V одделение што беа доставени до училиштата изминатите години треба да се дадат на користење на наставниците кои во учебната 2011/12 година ќе изведуваат настава со учениците од I до V одделение.

Во август 2011 година ќе биде одржана обука за наставниците кои ќе изведуваат настава во VI одделение за деветгодишното основно образование. На семинарите ќе бидат доставени прирачниците за наставата за VI одделение за секоја наставник.

Исто така, до училиштата се дистрибуирани прирачници за изведување на програмата *образование за животни вештни* и тоа за одделенските часови. Доставени се три различни прирачници во повеќе примероци, и тоа: за изведување на наставата од I до III одддление, од IV до VI одделение и од VII до IX одделение.

Директорите и стручните соработници во училиштата имаат обврска да ги евидентираат прирачниците во училишната библиотека и тие да им бидат достапни на наставниците кои наредните години ќе изведуваат настава со учениците.

## 13. Проширена програма на училиштето

Согласно со измените на Законот на основно образование училиштата треба да организираат прифаќање на учениците еден час пред наставата, како и час по завршувањето на наставата во согласност со потребите на родителите.

Исто така, училиштата треба да организираат продолжен престој за учениците согласно барањата на родителите.

Во согласност со член 33 од Законот за основно образование, како и во согласност на основачот, училиштето може да организира различни форми на продолжен престој на учениците од I до III и од IV и V одделение.

**И во оваа прилика напоменуваме дека согласно сите стандарди за изведување на наставата и согласно иницијалното образование на наставниците (без разлика дали се ангажирани во т.н. класична настава или т.н. целодневна настава) наставниците треба да ги реализираат сите наставни предмети. Односно, организирањето на наставата (времето на започнување на наставата, смените и сл.) го прави училиштето, меѓутоа треба да се води сметка да нема поделба на часовите меѓу наставниците, туку секој наставник да реализира настава по сите предмети (ова особено се однесува на поделбата на часови во т.н. целодневна настава).**

## 14. Педагошка документација

Бирото за развој на образованието бесплатно ќе ја достави педагошката документација и евиденција за основното образование до сите училишта според податоците доставени од секое училиште, согласно правилникот за педагошка документација и евиденција донесен од страна на министерот за образование и наука.

Директорите и стручните соработници на основните училишта треба со внимание и одговорност да работат за уредно водење на педагошката документација.

* * * *

За наведените прашања поврзани со наставата Бирото за развој на образованието е подготвено да дава стручна и советодавна помош на наставниците, родителите и училиштата.

Сите информации во врска со новините во образованието, како и наставните планови за осумгодишното основно образование и за деветгодишното основно образование за учебната 2011/2012 година, се наоѓаат на веб - страницата на Бирото за развој на образованието www.bro.gov.mk

Ве молиме доколку имате потреба од дообјаснување на некои прашања во врска овој допис (како и за доставување на бараните информации до Вашето училиште), можете да се обратите на одговорниот советник на училиштето, на меѓуопштинското одделение на Бирото каде припаѓа основното училиште, како и на Бирото за развој на образованието во Скопје.